Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 15.12.2020

На 14.12.2020 во 11.00 часот на Граничен премин „Блато“ од полициски службеници бил лишен од слобода Б.Р.(25) од Р.Албанија, бидејќи при извршена гранична контрола било констатирано дека пријавениот е предмет на потрага по донесени пресуди од Основен суд-Дебар за издржување затворска казна. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Дебар за понатамошна постапка и спроведување во Казнено поправна установа „Идризово“.

На 14.11.2020 во 18.20 часот на Граничен премин „Долно Блаце“ од полициски службеници бил лишен од слобода Ш.З.(34) од Р.Албанија бидејќи по извршени проверки, констатирано е дека евидира со мерка „апси“ по Судска наредба од Основен Суд-Тетово. Лицето е предадено е на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 14.12.2020 во 16,45 часот во Полициска станица Кичево А.Д.(52) од Кичево, пријавил дека неговата мајка Ц.Д.(83) била касната од куче скитник.

На 14.12.2020 во 13.00 часот во Полициска станица Центар Е.С.(27) од Скопје, пријавил дека на "Кеј 13-ти Ноември" бил каснат од куче скитник.

На 15.12.2020 во 01.30 часот на подрачје на Кисела Вода од полициски службеници од СВР Скопје од слобода е лишен Ф.С.(34) од Скопје бидејќи кај него е пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2020 во 18.20 часот на подрачје на Шуто Оризари, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.Џ.(41) од Скопје, бидејќи кај него е пронајдена марихуана, односно поради основано сомнение дека сторил кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ казниво по чл.215 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 14.12.2020 во 11.50 часот во СВР Штип, од Казнено поправниот дом Штип било пријавено дека во затворот, кај осуденикот Е.Ј.(29) од Штип била пронајдена прашкаста материја. Увид на местото на настанот извршиле полициски службеници од СВР Штип, известен е јавен обвинител и по комплетирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.12.2020 полициски службеници од Одделение за внатрешни работи Кочани го лишиле од слобода С.А.(43) од Кочани, бидејќи при преглед кај него пронашле прашкаста материја. Известен е јавен обвинител и по комплетирање на случајот против С.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделението за внатрешни работи Македонски брод поднесе кривична пријава против Г.Т. (33) од Македонски брод, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување“, затоа што истиот во својство на директор на претпријатието ЈКП „Комунална хигиена“ од Македонски брод во периодот на 2017 и 2018 вршел разни набавки на добра и услуги спротивно на Законот за јавни набавки, со што го оштетил јавното претпријатие за сума од 181.875 денари.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.С.(23) од село Карбинци, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари”. Пријавениот откако набавил лажни банкноти во два наврати во тобако во Штип употребил две фалсификувани банкноти во апоени од по 100 евра.

Одделението за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против А.Ѓ.(22) од Македонски Брод поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање на кредит или друга погодност“ и фирма од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „измама при добивање на кредит или друга погодност“. Пријавениот како невработено лице, со намера да се стекне со противправна имотна корист, во 2017 поднел апликација за активна мерка по Програмата за самовработување доставена до АВРМ-Центар за вработување Прилеп и Пријава за користење на грант - согласно условите од Програмата. По одобрување на апликацијата основал фирма во Прилеп и склучил договор со АВРМ и УНДП по кое искористил средства во висина од 246.000 денари како директна набавка на опрема и материјали. Меѓутоа спротивна на договорот и обрвските тој воопшто не реализирал финансиски трансакции и исплата на бруто плати, а фирмата по службена должност од страна на Централен регистар во текот на 2019 година е ликвидирана, додека искористените средства не се вратени согласно со договорот, со што се стекнал со противправна имотна корист, а на штета на буџетот на РСМ во износ од 246 000,00 денари.

На 13.12.2020 околу 22,45 часот во СВР Куманово било пријавено дека, на место викано „Зебрњак“ С.К. од Кратово бил физички нападнат од едно лице, кое му одзело и пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2020 околу 13,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица "14" во село Бардовци, скопско избувнал пожар во куќа сопственост на В.Ј. (75) при што зафатено било поткровјето и кровната конструкција на куќата. Пожарот е изгаснат од страна на екипа на Противпожарна бригада Скопје. Извршен е увид на местото на настанот.
На 14.12.2020 во 19,50 часот во СВР Скопје, А.М.(40) од Скопје пријавил дека тој и А.М.(57) од Скопје поради должничко-доверителски односи биле физички нападнати од Р.Г.(29) и К.К.(30) двајцата од Р.Косово, С.С.(34) и Б.Т.(34) двајцата од Скопје. Подоцна во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“ и Комплекс клиники„Мајка Тереза“ од доктор на Р.Г., К.К. и С.С. им биле констатирани повреди додека на Б.Т. му биле констатирани тешки телесни повреди од остар предмет, а во врска со нарушениот јавен ред и мир. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје при што било констатирано дека се оштетени патничките моторни возила: „фолксваген пасат“ и „рено“ со косовски национални ознаки и „рено канго“ и „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.12.2020 во 04,20 часот во Полициска станица Кичево било пријавено дека во село Грешница, кичевско, настанал пожар во плевна сопственост на С.М., а од пожарот е настанато оштетување на куќата на З.М. Пожарот е изгаснат од страна на екипа на Противпожарна бригада Кичево. Извршен е увид на местото на настанот.

На 14.12.2020 околу 12.20 часот во СВР Велес било пријавено дека во село Бузалково, велешко, настанал пожар во куќа сопственост на Н.Б.(39). Пожарот е изгаснат од страна на екипа на Противпожарна бригада Велес. Извршен е увид на местото на настанот.

На 14.12.2020 во 10,00 часот во с.Петровец од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода С.К.(28) од с.Црквино,велешко, кој управувал патничко моторно возило „мерцедес“ со скопски регистарски ознаки и при преглед кај лицето пронајден е пиштол „ХС“ и една рамка со 15 куршуми кал.9мм.. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Петровец за понатамошна постапка.

На 14.12.2020 во 14,00 часот во с.Петровец од полициски службеници од СВР Скопје е лишен од слобода Х.Ц.(26) од с.Ржаничино, кој управувал патничко моторно возило „ауди“ со скопски регистарски ознаки и при преглед во возилото е пронајден е пиштол „глок“, една рамка со 10 куршуми кал.9мм и една кутија за муниција со 15 куршуми кал.9мм. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Петровец за понатамошна постапка.

На 14.12.2020 во 20,45 часот во СВР Охрид било пријавено дека во угостителски објект на улица "Сирма Војвода" во Охрид, додека В.М.(56) од село Мешеишта, охридско седел во локалот бил физички нападнат од Д.Н. Се работи на расчистување на случајот по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Е.М. (64) од Гостивар поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „непоступување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавениот кривичното дело го сторил така што и покрај тоа што му било издадено решение од страна на Државен санитарен и здравствен инспекторат до 23.11.2020, истиот не ги почитивал мерките на изолација и на 16.11.2020 го напуштил својот дом.
На 15.12.2020 околу 02,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. Петре Ѓорѓиев настанал пожар во патничко моторно возило „мерцедес“, сопственост на С.В.(46) од Скопје. Извршен е увид.